**ЗАПИСНИК**
**од 5-та седница на Советот**
**одржана на 20.03.2012 година**

**Присутни членови на Советот:** м-р Зоран Стефаноски, проф. д-р Томе Груевски, Бранко Радовановиќ, Столе Наумов, м-р Борис Арсов, м-р Зоран Трајчевски, Селвер Ајдини, Лазо Петрушевски, Замир Мехмети, м-р Методија Јанчески и Методи Стоименовски.

**Отсутни членови на Совет:** акад. Бојан Шоптрајанов (оправдано отсутен), м-р Алма Машовиќ (оправдано отсутна).

**Присутни од Стручна служба:** м-р Андриана Скерлев – Чакар, м-р Борче Маневски, Огнен Неделковски, м-р Емилија Јаневска, Слободан Беличански, Горан Радуновиќ, Цветанка Митревска, Арбен Саити, Милаим Абдураими, Арџент Џелили, Ивона Муфишева – Алексоска, Хари Митрикески Клекачкоски и Ружица Бошнакоска - Јотевска.

**Новинари:** Анита Димитриевска од МРТВ, Невзад Мамути од ТВ Алсат, Соња Казиовска од Дневник, Владимир Димовски од Ден, Дејан Петковски од Медија Принт, Елена Џугуманова и Гаврил Сирачевски од 24 Вести, Сања Јовановиќ од ТВ Телма, Марија Сервиева од Капитал, Катерина Топалова од ТВ Алфа и Тања Јовановска од Вест.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски ја отвори 5-та седница на Советот за радиодифузија. За дополнување на Дневниот ред под точка Разно предложи неколку точки: Предлог – Одлука за договор за јавна набавка за предметот на набавка – Истражување – национална анализа на нивото на јавната свест за улогата на DSO (во рамките на проектот SEE Digi. TV, во 2012 година, Предлог – Одлука за договор за јавна набавка за предметот на набавка – Подготовка и извршување на национална едукативна програма (во рамките на проектот SEE Digi. TV, во 2012 година, Информација за работењето за сателитските ТРД-а по заклучок од 21-вата (јавна) седница, Извештај од анализата на Дневник 1 на Телевизија Сител од 10 март 2012 година, Правилник за стручно усовршување и дообразување на членовите на Советот и Информација од ТВ Алфа.

Предлог за измена и дополнување на Дневниот ред имаше членот на Советот, м-р Зоран Трајчевски. Тој предложи, поради оправдано отсуство на неколкумина членови на Совет, да се одложат одреден број точки кои се однесуваат пред се на извештаи од мониторинг, за првото продолжение на 5-та седница, за кое предложи, да се одржи на 21.03.2012 година, во 12 часот. Точката под Разно, Правилник за стручно усовршување и дообразување на членовите на Советот, предложи да се разгледува на седница кога би се разгледувал и Извештајот од Државниот завод за ревизија. Исто така м-р Зоран Трајчевски изнесе свои забелешки во поглед на обемноста на точките кои се на дневен ред на седницата. Во таа насока предложи, во иднина седниците да се одржуваат многу почесто во текот на еден месец, а со тоа и точките во дневниот ред би биле со помал број. Во таа насока и Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, се согласи со забелешката на м-р Зоран Трајчевски во однос на зголемување на интензитетот на седниците во текот на еден месец.

Членот на Советот, м-р Борис Арсов, предложи како дополнителна точка под Разно, согласно состанокот што се одржал со претставници од националните медиуми, да се додаде Барањето од националните медиуми ТВ Канал 5 и ТВ Сител за добивање проценка и учествување во мониторирање на аудио-визуелните содржини на програмите на наведените телевизии во поглед на музиката.

Советот со 13 гласа „за“, вклучувајќи ги и измените и дополнувањата од членовите на Советот, м-р Зоран Трајчевски и м-р Борис Арсов, го усвои следниот:

**Д н е в е н р е д**

1. Усвојување на Записникот од 2-та седница на Советот, одржана на 09.02.2012 година.
2. Нацрт-Извештај за работа на Советот за радиодифузија на РМ за 2011 година.
3. Информација од членот на Советот Методи Стоименовски, за дигитализација на аудио-визуелен материјал.
4. Информација во врска со текот на стечајна постапка спрема ТРД А1 Телевизија –ДООЕЛ - Скопје, со предлог заклучок за натамошно постапување на Советот за радиодифузија.
5. Информација во врска со предлогот за изменување на Годишниот план за јавни набавки во 2012 година, на Советот за радиодифузија на РМ бр.01-152/1 од 18.01.2012 година.
6. Дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2012 година, на Советот за радиодифузија на РМ (Пречистен текст), бр.01-890/1 од 29.02.2012 година.
7. Извештај: Остварување на обврските за заштита и негување на културниот идентитет на радио и телевизиските програми во 2011 година.
8. Информација за извршување на изречени мерки од страна на Телевизија А2, Телевизија Меди од Битола и Радио Ди-Џеј од Струга.
9. Информација за констатирана промена на сопственичка структура на ТВ Гурра од Кичево, без претходно побарано одобрение од Советот
10. Информација за отстранета недозволена медиумска концентрација кај ТРД Скај радио плус од Берово
11. Информација за реализацијата на проектите од јавен интерес финансирани од средствата на радиодифузната такса преку СРД.
12. Предлог-Одлука за јавна набавка за предметот на набавка – одржување на веб страната на Советот за радиодифузија.
13. Предлог-Одлука за јавна набавка за предметот на набавка – услуги: податоци од мерењето на радиската публика.
14. Извештај од службено патување во Брисел на Подкомитетот за Информатичко општество и медиуми, подготвен од Заменикот на Претседателот м-р Миљаим Фетаи, и членот на СРД, м-р Зоран Трајчевски.
15. Извештај од присуството на тркалезната маса „Медиумите, комуникациите и културата на толеранција“, подготвен од Емилија Петреска – Камењарова.
16. Информација од обуката од областа на безбедноста и здравјето при работа и заштита на лични податоци одржана на 16-ти декември 2011 година во Скопје, подготвена од Ивона Муфишева – Алексовска и Арѓент Џелили.
17. Информација за средбата со претставниците на амбасадите на Република Хрватска, Република Словенија и Република Црна Гора, Министерството за култура на РМ и операторите на јавни комуникациски мрежи од Република Македонија.
18. Краткорочни и среднорочни активности за развој на медиумите на ромски јазик во Република Македонија.
19. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа Записникот од 2-та седница на Советот, одржана на 09.02.2012 година. Технички забелешки во однос на Записникот имаа членовите на Совет, м-р Методија Јанчески и Столе Наумов. Советот, со дадените забелешки, едногласно го усвои Записникот од 2-та седница на Советот, одржана на 09.02.2012 година.

**Точка 2**

Советот го разгледа Нацрт-Извештајот за работа на Советот за радиодифузија на РМ за 2011 година. Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски отвори дискусија во однос на забелешките кои ги имаат членовите на Совет во врска со содржината на предложениот Нацрт- Извештај.

Членот на Советот, Лазо Петрушевски, ги посочи своите забелешки кои се однесуваа на точка 1.3 Измени и дополнувања на друга домашна регулатива за која предложи да се избрише од текстот, точка 4.3.2 Прекршочни и кривични постапки против операторите на јавна комуникациска мрежа, каде предложи Службите во Советот уште еднаш да проверат одредени податоци, за да се одлучи дали ќе останат во конечниот текст или не. Потоа предложи во точка 5.1 Анализа на пазарот на радиодифузната дејност за 2011 година, да се измени насловот и да се допрецизира, поради тоа што анализите се однесуваат на 2010 година, а се изработени во 2011 година. Исто така, во точка 11.1 Соработка со Координативното тело за интелектуална сопственост, во теренските и другите активности на ова тело да се додаде дека учествувале и дел од членовите на Советот, но подоцна, низ дискусијата, рече дека е подобро да стои – и членовите на Советот. Во поглед на точка 8.3 Наплата на надоместокот на дозволи, од причина што е наведено дека процентот на наплата за надоместокот за дозволите за вршење радиодифузна дејност во 2011 година изнесувал 54,17%, предложи идна активност, односно побара соодветните служби на Советот да подготват и достават извештај во врска со досегашните неплатени фактури по тој основ.

Членот на Советот, проф. д-р Томе Груевски, рече дека Извештајот за работа на Советот за радиодифузија на РМ за 2011 година е сериозен документ кој ја отсликува дејноста на Советот во однос на изминатиот период. Предложи во Извештајот да стои дека во неговата изработка учествувале сите членови на Совет и сите вработени во Стручната служба од причина што тој преставува заеднички документ на Советот. Во однос на забелешките за Нацрт-Извештајот, предложи секој член на Совет да ги изнесе своите забелешки онаму каде што е координатор на Сектор, поточно во својата област. Додаде и дека е фасциниран од остварениот процент на извршената работи од зацртана програмата на работа на Советот.

Членот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, рече дека ќе даде свои забелешки за периодот од кога е избран за член на Советот. Тој имаше технички забелешки во точка 2.4 Вкупен број на радиодифузери кои поседуваат дозвола за вршење радиодифузна дејност и предложи во табелата на ТВ станици на државно ниво да се стави ѕвездичка со образложение дека А1 веќе не емитува програма. Исто така, предложи да се извршат одредени корекции во делот за Политички плурализам во телевизиските вести на МРТ, со оглед на тоа што се усвои Анализата без предложените заклучоци. Посочи дека Анализата на пазарот на радиодифузната дејност за 2010 година, како и Анализата на структурата на вработените во радиодифузната индустрија, се усвоени од страна на Советот, но Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, за одреден дневен печат, дал изјава дека наведената анализа не е легитимна и ако така навистина мисли, тогаш би требало да се извади од Нацрт – Извештајот за работа на Советот за радиодифузија на РМ за 2011 година . Во таа насока прочита еден цитат од изјавата на м-р Зоран Стефаноски – *„се лажат самите себеси тие што мислат дека Анализата на пазарот за 2010 година е доказ дека владата не е меѓу најголемите ако не и најголем огласувач во државава. Извештајот на ABG Nielsen кој е користен при изготвување на Извештајот не е баш најмеродавен“.* Со оваа изјава, рече дека се нанесува штета на угледот на СРД, затоа што од една страна се гласа за усвојување на сериозни документи, а на крај испаѓа дека она што Советот го работи е несериозно, немеродавно и сл. Доколку Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, сметал

дека податоците што ги добива Советот се недоволни, тогаш требало за годините што изминале и бил претседател, да се потруди да се добијат податоци какви што смета дека се потребни за да се добие реална слика. Го замоли да не манипулира со јавноста и да не му нанесува штета на угледот на Советот и Република Македонија. Го замоли Претседателот на Советот, да се изјасни дали стои зад оваа изјава.

Претседтелот на Советот, м-р Зоран Стефаноски рече дека таа изјава е негова, но воопшто не мислел дека Анализата не е веродостојна, туку изјавата негова била во поглед на податоците кои ги добиваат од *ABG Nielsen*, и во нив се сомнева дека се такви од причина што тие се груби податоци, недоволно обработени, но и како такви му користат на Советот. Се согласува со усвојувањето на Анализата на пазарот за 2010 година и со секоја анализа која е изработена од службите на Советот. Конкретно за Анализата на пазарот, рече дека 6 години station наназад таа се изработува и се усвојува и од Советот и од Собранието на РМ и никој до сега не нашол забелешки по ниеден основ во однос на тој документ.

Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, целосно го подржа Нацрт – Извештајот за работа на Советот за радиодифузија на РМ за 2011 година, нагласувајќи дека во 2011 година Советот беше исклучително активен, се изработија поголем број анализи и извештаи, Советот за радиодифузија во Охрид беше домаќин на EPRA, целосно беше ангажиран околу Предвремените парламентарни избори 2011 година и, потенцира дека според него ова е најуспешната година до сега на Советот.

Членот на Советот, проф. д-р Томе Груевски рече дека Анализата на пазарот за 2010 година е усвоена и нема потреба да се дискутира сега по неа, на што се согласи и членот на Советот, Столе Наумов, кој рече дека според податоците кои ги добива Советот, Анализата на пазарот за 2010 година е изготвена, забелешките во однос на содржината биле кажани кога била на дневен ред на седница, но сега е таа е веќе усвоена од Советот.

Потоа, Советот едногласно го усвои Нацрт-Извештајот за работата на Советот за радиодифузија на РМ за 2011 година. Советот ги задолжи членовите на Советот да достават во писмена форма предлози за измена и дополнување на Извештајот за работата на Советот за радиодифузија на РМ за 2011 година, во што пократок рок. Советот одлучи Предлог-Извештајот за работата на Советот за радиодифузија на РМ за 2011 година да се разгледува на продолжението на 05 седница, на 27.03.2012 година.

**Точка 3**

Советот ја разгледа Информацијата од членот на Советот Методи Стоименовски, за дигитализација на аудио-визуелен материјал. Членот на Советот, Методи Стоименовски, објасни дека остварил средба со стручните лица од НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје, и во таа насока бил известен дека во овој момент, поради недостиг на соодветна опрема, институцијата нема можности за дигитализација на аудио-визуелни материјали без разлика на носителот на медиумот за пренос на податоци, но и условите за чување не се соодветни за таков вид граѓа. Предложи Стручната служба да стапи во контакт со Кинотека на РМ, да направат договор за соработка за да на одреден период би се чувале, а Советот во меѓувреме да објави тендер преку кој ќе набави опрема со која ќе ги ги дигитализира аудио-визуелните материјали кои ги поседува. Членот на Советот, Бранко Радовановиќ, рече дека го познава процесот на дигитализација на аудио-визуелен материјал, и се согласи со Методи Стоименовски, дека Советот е потребно итно да реагира, но нагласи дека при дигитализацијата на аудио-визуелните материјали треба многу да се внимава во однос на квалитетот.

Советот едногласно ја усвои предложената Информација од членот на Советот Методи Стоименовски за дигитализација на аудио-визуелен материјал.

**Точка 4**

Советот ја разгледа Информацијата во врска со текот на стечајна постапка спрема ТРД А1 Телевизија –ДООЕЛ - Скопје, со предлог заклучок за натамошно постапување на Советот за радиодифузија. Членот на Советот, м-р Борис Арсов, рече дека во периодот кога стечајниот управител објавил стечајна постапка на А1 Телевизија, тогаш неговиот став бил дака Советот треба да констатира, согласно член 62 став 1 алинеја 4 од Законот за радиодифузната дејност, престанок на важењето на дозволата за вршење радиодифузна дејност, но тоа не се случило. Тој рече дека сега, Советот согласно член 62 од Законот треба да донесе таква одлука, но бидејќи А1 Телевизија не работи повеќе, може и по член 63 од Законот да му се одземе дозволата. Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи нагласи дека Советот во нитуниеден момент, со ниедна постапка, не придинел за фактичката состојбата во која се наоѓа А1 Телевизија. Членот на Советот, Столе Наумов, рече дека по одржување на рочиштето на 25 јануари 2012 година, од кое произлегла информацијата дека А1 Телевизија во иднина нема намера да се реорганизира, Советот нема друг избор освен да констатира одземање на дозволата. Основна работа за поголемиот дел од членовите на Советот тогаш била како да се толкува овој чин, од причина што механичкото толкување ќе ги ставел во незавидна позиција и би постоела на можност да се ускрати правото на доверителите и ускратување на можност А1 Телевизија повторно да се реорганизира. Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, рече дека Советот за радиодифузија пред се треба да издава дозволи за вршење радиодифузна дејност. Рече дека многу жали за ваквата состојба во која се најде еден национален медиум и во таа насока Советот не ја одземал дозволата, чекајќи ги крајните резултати од стечајната постапка и давајќи можност А1 Телевизија да се реорганизира со нови сопственици. Членот на Советот, Бранко Радовановиќ, рече дека ако Советот констатирал престанок на важноста на дозволата многу порано, тогаш Советот ќе бил обвинет дека е институција која однапред пресудува. Членот на Советот, проф. д-р Томе Груевски, поради неодложна работа, ја напушти седницата. Советот едногласно ја усвои предложената Информација во врска со текот на стечајна постапка спрема ТРД А1 Телевизија – ДООЕЛ - Скопје, со предлог заклучок за натамошно постапување на Советот за радиодифузија. Советот едногласно донесе решение со кое ќе се утврди престанок на важноста на дозволата за вршење радиодифузна дејност, издадена на комерцијалниот радиодифузер на државно ниво ТРД А1 Телевизија – Скопје, согласно член 62 став 1 алинеја 4 од Законот за радиодифузната дејност. Советот го задолжи Секторот за правни работи да го подготви Решението со кое ќе се утврди престанок на важноста на дозволата за вршење радиодифузна дејност, издадена на комерцијалниот радиодифузер на државно ниво ТРД А1 Телевизија – Скопје. Советот го задолжи Секретаријатот да го објави во "Службен весник на РМ", Решението со кое ќе се утврди престанок на важноста на дозволата за вршење радиодифузна дејност, издадена на комерцијалниот радиодифузер на државно ниво ТРД А1 Телевизија – Скопје

**Точка 5 и 6**

Советот ја разгледа Информацијата во врска со предлогот за изменување на Годишниот план за јавни набавки во 2012 година, на Советот за радиодифузија на РМ бр.01-152/1 од 18.01.2012 година.

Раководителот на Секторот за меѓународна соработка и односи со јавноста, рече дека јавната набавка „Подготовка на едукативна кампања за потрошувачите“, првично планирана за декември 2011 година, по задоцнетото пристигнување на понудите на почетокот на јануари 2012, завршила неуспешно. Бидејќи неуспешните и нереализираните набавки од претходната година не се префрлаат по автоматизам во Планот за јавните набавки за следната година, се појави потребата за измена на

планот со оваа активност. Буџетот за извршување на оваа активност е 184.500,00 МКД. Советот едногласно ја усвои предложената Информација за Дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2012 година, на Советот за радиодифузија на РМ (Пречистен текст), бр.01-890/1 од 29.02.2012 година и едногласно одлучи согласно потребите на Советот наведени во Барањето бр. 03-857/1 од 27.02.2012 година од Секторот за меѓународна и европска соработка и односи со јавност, а во врска со членот 26 став 3 од Законот за јавните набавки, да се дополни постојниот Годишен план за јавни набавки за 2012 година, со нова точка 39, на следниот начин:

Главата II. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката (месец) | Вид на постапката | Проценета вредност на набавка/рамковна спогодба без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 39. | Подготовка на едукативна програма за потрошувачите, во врска со проектот за воведување дигитална телевизија за Југоисточна Европа – компонента 2, (финансиран од IPA Transnational). | | март | Постапка со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас | 184.500,00 |

Финансиските средства за реализација на наведената постапка за доделување на предметниот договор за јавна набавка, се обезбедени со пренамена на ослободени средства од веќе завршените активности, од буџетот на проектот SEE Digi. TV.

Советот едногласно го усвои Дополнувањето на Годишниот план за јавни набавки во 2012 година, на Советот за радиодифузија на РМ (Пречистен текст), бр.01-890/1 од 29.02.2012 година.

**Точка 7**

Советот го разгледа Извештајот: Остварување на обврските за заштита и негување на културниот идентитет на радио и телевизиските програми во 2011 година. Раководителот на Секторот за програмски работи, рече дека ова е обврска од НПА, во поглед на преземени мерки на радиодифузерите за 2011 година од страна на Советот. Таа истакна дека Советот за радиодифузија го следи во рамките на својот редовен мониторинг почитувањето на обврските за емитување одреден процент изворно произведена програма и вокално - инструментална музика, чие исполнување е мерливо на дневно ниво. Мониторинзите спроведени во текот на 2011 година даваат и податок за тоа кој медиум колку и како ги исполнил обврските. Советот едногласно го усвои Извештајот: Остварување на обврските за заштита и негување на културниот идентитет на радио и телевизиските програми во 2011 година. Во текот на гласањето отсутен беше и членот Советот, м-р Борис Арсов.

**Точка 8**

Советот ја разгледа Информацијата за извршување на изречени мерки од страна на Телевизија А2, Телевизија Меди од Битола и Радио Ди-Џеј од Струга.

На првата седница, одржана на 12 јануари 2012 година, заради неисполнување на обврската од член 20 став 1 и 2 од Законот за радиодифузна дејност, односно заради необјавување на податоците од работењето од претходната година, на сопствената програма, Советот за радиодифузија на три радиодифузери им ги изрече следните мерки:

- На Трговското радиодифузно друштво А2 Телевизија ДООЕЛ од Скопје – писмена опомена
- на Радиодифузното друштво ТВ МЕДИ Битола ДООЕЛ - времена забрана за рекламирање и телешопинг во период од 3 (три) дена, и
- на Друштвото за радио дифузија ДИ-ЏЕЈ Славе ДООЕЛ од Струга – времена забрана за рекламирање и телешопинг во период од 1 (еден) ден.

Трговското радиодифузно друштво А2 Телевизија ДООЕЛ од Скопје, ја отстрани повредата.

Одлуките за изрекување мерки на Радиодифузното друштво ТВ МЕДИ Битола ДООЕЛ и Друштвото за радио дифузија ДИ-ЏЕЈ Славе ДООЕЛ од Струга, на 13 февруари 2012 година, беа испратени по пошта, но подолго време дописите што Советот ги испраќа до овие два радиодифузери се враќаат во Советот. Членот на Советот, Бранко Радовановиќ, рече дека за да се провери дали овие две радиодифузни друштва емитуваат програма, треба да се отиде директно на терен и да се увиди фактичката состојба. Низ дискусија, со предлогот се согласија и членовите на Советот, Столе Наумов, м-р Зоран Трајчевски, м-р Милаим Фетаи.

Советот едногласно ја усвои предложената Информација за извршување на изречени мерки од страна на Телевизија А2, Телевизија Меди од Битола и Радио Ди-Џеј од Струга, подготвена од Секторот за истражување и долгорочен развој.

Советот констатира, дека Телевизија А2 на која е изречена мерката писмена опомена, поради необјавување на податоците од работењето од претходната година на сопствената програма ја отстранила повредата, додека радиодифузерите ТВ МЕДИ Битола ДООЕЛ, на која и беше изречена мерката времена забрана за рекламирање и телешопинг во период од 3 (три) дена и Друштвото за радио дифузија ДИ-ЏЕЈ Славе ДООЕЛ од Струга на која и е изречена мерката времена забрана за рекламирање и телешопинг во период од 1 (еден) ден, не ги отстраниле сторените повреди.

Советот едногласно одлучи, имајќи го предвид фактот дека Радиодифузното друштво ТВ МЕДИ Битола ДООЕЛ и Друштвото за радио дифузија ДИ-ЏЕЈ Славе ДООЕЛ од Струга, веќе подолго време не се достапни на адресите на нивните седишта, Советот во соработка со Агенцијата за електронски комуникации, да превземат активности во насока на утврдување на фактичката состојба на овие два радиодифузери, односно да утврдат дали ги емитуваат програмските сервиси за кои им е издадена дозвола за вршење радиодифузна дејност, по што Советот ќе одлучи за понатамошното превземање на мерки спрема двата радиодифузери.

**Точка 9**

Советот ја разгледа Информацијата за констатирана промена на сопственичка структура на ТВ Гурра од Кичево, без претходно побарано одобрение од Советот. При проверката на податоците од доставените тековни состојби со податоците со кои располага Советот, Секторот за истражување и долгорочен развој, констатираше дека Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДОО од Кичево, има извршено промена на сопственичката структура, без претходно побарано одобрение од Советот, што е спротивно на одредбите од член 17 став 2 од Законот за радиодифузната дејност

Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, рече дека имал разговорот со претставниците на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДОО од Кичево и рече дека се работи за недоразбирање. Советот едногласно ја усвои предложената

Информација за констатирана промена на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДОО од Кичево, без претходно побарано одобрение од Советот. Советот го задолжи Секторот за истражување и долгорочен развој да достави до Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДОО од Кичево писмен допис, со кој ќе го задолжи радиодифузерот да ги достави потребните изјави во Советот, во насока на уредување на документацијата и тоа во рок од 8 дена од денот од приемот на дописот. Советот донесе едногласна одлука на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДОО од Кичево да му изрече мерка – писмена опомена, поради прекршување на одредбите од член 17 став 2 од Законот за радиодифузната дејност.

**Точка 10**

Советот ја разгледа и едногласно ја усвои Информацијата за отстранета недозволена медиумска концентрација кај ТРД Скај радио плус од Берово. На 14-тата седница одржана на 26.08.2011 година, Советот констатирал постоење недозволена медиумска концентрација кај СКАЈ РАДИО ПЛУС ДООЕЛ од Берово. На 24.11.2011 година, радиодифузерот до Советот доставил копија од Решение за поведување претходна постапка на постапката за утврдување на причините за отворање стечајна постапка над Трговско радиодифузно друштво РАДИО СКАЈ ДООЕЛ од Берово (наш бр.42/3), издадено од Основниот суд во Кочани. Имајќи предвид дека радиодифузерот во предвидениот рок преземал дејствија во насока на отстранување на недозволената медиумска концентрација, а времетраењето на постапката за отстранување на пречките за вршење радиодифузна дејност не зависи од него, туку од динамиката на активностите на судот, Советот одлучи да почека со носење натамошна одлука до завршувањето на стечајната постапка. На 29.02.2012 година, до Советот беше доставено Решение од Централниот регистар на РМ (наш бр.03-888/1) од кое е видно дека стечајната постапка е заклучена, а правното лице Трговско радиодифузно друштво РАДИО СКАЈ ДООЕЛ од Берово е избришано од регистарот на трговски друштва, со што овој радиодифузер ги отстранил пречките за вршење радиодифузна дејност.

**Точка 11**

Советот ја разгледа Информацијата за реализацијата на проектите од јавен интерес финансирани од средствата на радиодифузната такса преку СРД. Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, рече дека оваа точка би требало да се разгледува во делот на доставените забелешки од Државната ревизија, но од друга страна рече дека треба активностите во однос на оваа точка да започнат што побрзо. Законот за радиодифузна дејност од 1997 година, предвидуваше финансирање на телевизиски и радио проекти од јавен интерес од средствата на радиодифузната такса, а финансирањето се реализираше преку Советот за радиодифузија. Со донесувањето на новиот Закон за радиодифузната дејност во ноември 2005 година, финансирање на проекти од јавен интерес не беше предвидено. Сепак, Советот имаше обврска да ја заврши реализацијата на одобрените средства, согласно одлуките на Владата на РМ. Членот на Советот, Бранко Радовановиќ, потенцира дека постојат проекти на кои им се доделени две третини од финансиските средства, а тие имаат донесено во Советот само суров материјал, односно со години го немаат завршено, а средства имаат подигнато. Членот на Советот, Столе Наумов, предложи заедно со комисијата која ќе има за цел да изготви извештај со податоци за состојбата на сите заостанати проекти од јавен интерес кои започнале или воопшто не започнале со реализација, да се вклучи и Секторот за правни работи од аспект на права и обврски за договорните страни.

Членот на Советот, Лазо Петрушевски, предложи рокот за завршување на проектите да биде или 30 октомври или 30 ноември 2012 година, односно пред крајот на годината, како би моежл Советот да има став при креирање на буџетот за 2013 година. Потоа Советот едногласно ја усвои Информацијата за реализација на проектите од јавен интерес финансирани од средствата на радиодифузната такса преку СРД.

Советот едногласно одлучи да се формира комисија во состав: Столе Наумов и Бранко Радовановиќ - членови на Советот, Цветанка Митревска - Раководител на Секторот за правни работи, Огнен Неделковски – Раководител на Секретаријатот на Советот, Магдалена Давидовска – Довлева, Виш соработник во Секторот за истражување и долгорочен развој и Сашо Богдановски – Виш соработник во Секторот за програмски работи, која ќе има за цел да изготви извештај со податоци за состојбата на сите заостанати проекти од јавен интерес кои започнале или воопшто не започнале со реализација, вклучувајќи ги и податоците за состојбата со доделените финансиски средства и средствата кои остануваат за исплата од страна на Советот.

Секторот за правни работи се задолжи да изврши увид во конкурсните услови и во договорите склучени со учесниците на сите досегашни конкурси, со анализа на правните аспекти за сите конкурси и анализа на склучени договори од аспект на права и обврски за договорните страни.

**Точка 12**

Советот ја разгледа Предлог-Одлуката за јавна набавка за предметот на набавка – одржување на веб страната на Советот за радиодифузија. Членот на Советот, Лазо Петрушевски рече дека техничката спецификација за предметот на набавка – одржување на веб страната на Советот за радиодифузија е одлично изработена и предложи во иднина да послужи како пример за изработка на технички спецификации. Посочи дека во Советот недостасува одредено правило како да се изработуваат спецификациите, недостасува и знаење за изработка во самите служби и во таа насока рече дека ќе се потруди да изработи упатство за правилна изработка на спецификации и критериуми. Членот на Советот, Методи Стоименоски во однос на предвидениот износ на средствата за предметот на набавка – одржување на веб страната на Советот за радиодифузија од 36.000, 00 денари, рече дека е многу ниска и се сомнева дека би имало заинтересирани за наведената цена, односно според него постои можност да пропадне јавната набавка. Советот едногласно одлучи за потребите на Советот за радиодифузија во 2012 година, согласно одредбите од Законот за јавните набавки, да се спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка за следниот предмет на набавка: Одржување на веб-страната на Советот за радиодифузија на РМ. Вкупниот износ на средствата потребни за реализација на договорот за јавна набавка, изнесуваат 36.000,00 денари, без вклучен ДДВ. За реализацијата на договорот за јавна набавка средствата се обезбедени со Финансискиот план на Советот за радиодифузија за 2012-та година. Доделувањето на договорот за јавна набавка ќе се спроведе со примена на постапката - барање за прибирање на понуди без објавување на оглас согласно одредбите од Законот за јавните набавки. Постапката за доделување на договорот за јавна набавка ќе ја спроведе Комисија за јавни набавки во следниот состав:

- Борче Маневски- претседател на Комисијата, со заменик Симона Темелкова;
- Емилија Петреска - Камењарова - член, со заменик Драгица Љубевска и
- Ружица Бошнакоска Јотевска - член, со заменик Владимир Ѓорѓиески.

**Точка 13**

Советот ја разгледа Предлог-Одлуката за јавна набавка за предметот на набавка – услуги: податоци од мерењето на радиската публика. Членот на Советот, Лазо Петрушевски, предложи поради нецелосно изработена техничка спецификација, оваа точка да се одложи за продолжението на 5-та седница. Исто така предложи службите да ја доработат техничката спецификација и понуди и своја помош околу тоа. Членот на Советот, Столе Наумов, рече дека се согласува со констатацијата на Петрушевски, но во интерес на времето предложи да се забрза изработката на техничката спецификација, од причина што во последните 3 месеци не е изработено ниедно истражување. Советот едногласно одлучи да се одложи оваа точка.

**Точка 14**

Советот го разгледа и едногласно го усвои Извештајот од службено патување во Брисел на Подкомитетот за Информатичко општество и медиуми, подготвен од Заменикот на Претседателот, м-р Миљаим Фетаи и членот на СРД, м-р Зоран Трајчевски.

**Точка 15**

Советот го разгледа и едногласно го усвои Извештајот од присуството на тркалезната маса „Медиумите, комуникациите и културата на толеранција“, подготвен од Емилија Петреска – Камењарова.

**Точка 16**

Советот ја разгледа и едногласно ја усвои Информацијата од обуката од областа на безбедноста и здравјето при работа и заштита на лични податоци одржана на 16-ти декември 2011 година во Скопје, подготвена од Ивона Муфишева – Алексовска и Арѓент Џелили.

**Точка 17**

Советот ја разгледа и едногласно ја усвои Информацијата за средбата со претставниците на амбасадите на Република Хрватска, Република Словенија и Република Црна Гора, Министерството за култура на РМ и операторите на јавни комуникациски мрежи од Република Македонија.

**Точка 18**

Советот ја разгледа Информацијата за Краткорочни и среднорочни мерки за развој на медиумите на ромски јазик во Република Македонија. Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, рече дека во оваа информација не е наведен податокот дека Радио Енџел, не ја исполнува програмската обврска за емитување на емисии на ромски јазик, и во таа насока доколку е потребно, овој податок да се нагласи во информацијата. Исто така, тој рече дека заради задоволување на информативните, културните и другите потреби на граѓаните од ромската етничка заедница и истражување на потребите на телевизиската публика, би требало да се допушти можност регионалните телевизиски програмски сервиси на Телевизија БТР – Скопје и Телевизија Шутел – Скопје да се реемитуваат во кабелските и другите јавни комуникациски мрежи во градовите со голема концентрација на граѓани од ромската популација, но тоа сега не е можно согласно нивната дозвола за вршење на радиодифузна дејност. Во насока на ова прашање го запраша и Раководителот на

Секторот за правни работи, кој одговори дека не е можно да емитуваат програма надвор од подрачјето за кое е доделена дозволата, односно надвор од подрачјето на Скопје. Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи рече дека материјалот е солидно изработен и рече дека Советот треба да ја следи Декадата на Ромите, во кој е вклучена цела Европа. Советот едногласно ја усвои предложената Информација за краткорочни и среднорочни активности за развој на медиумите на ромски јазик во Република Македонија, со исклучок на предлог заклучоците, подготвена од Секторот за спречување на пиратеријата и заштита на авторското право и сродните права.

**Точка 19**

**Разно**

- Советот ја разгледа Предлог – Одлуката за договор за јавна набавка за предметот на набавка – Истражување – национална анализа на нивото на јавната свест за улогата на DSO (во рамките на проектот SEE Digi. TV, во 2012 година). Советот едногласно одлучи точката да се одложи за продолжението на 5-та седница.
- Советот ја разгледа Предлог – Одлука за договор за јавна набавка за предметот на набавка – Подготовка и извршување на национална едукативна програма (во рамките на проектот SEE Digi. TV, во 2012 година). Советот едногласно одлучи точката да се одложи за продолжението на 5-та седница.
- Советот го разгледа пристигнатиот допис од ТВ Алфа. Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, објасни дека во дописот е наведено дека уредниците на ТВ Алфа сметаат дека содржината на емисијата на „Во Центар“ на Продукцијата „Ефтов“ на 12.03.2012 година, не ја емитувале поради тоа што не се согласуваат со ставовите наведени во истоимената емисија. Наведе дека е против цензура, но од друга страна доколку уредникот смета дека емисијата не е потребно да оди во етер, тоа е одлука во која Советот никогаш нема да интервенира ниту пак некогаш го сторил тоа. Членот на Советот, Бранко Радовановиќ, рече дека е против цензура, но исто така рече дека е против се да се пушти во програма, посебно она што може да предизвика инциденти. Смета дека непрофесионалниот начин на известување може да предизвика последици или на политички или на меѓуетнички план. Членот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, рече дека сите медиуми како средства за јавно информирање имаат општествена одговорност. Од тој аспект го почитува и подржува ставот на ТВ Алфа, затоа што не станува збор за цензура туку почитување на програмските стандарди. Исто така се согласува со соопштението што го упати СРД до медиумите во кое им укажува на радиодифузерите, при медиумското покривање на овие инциденти да придонесуваат кон намалување на тензиите, кон унапредување на општествениот дијалог, да промовираат култура на толеранција и да не поттикнуваат омраза и нетрпеливост. Рече дека не се согласува со ставот на членот на Советот, Столе Наумов, односно е против предлогот, Советот да испрати одговор до ТВ Алфа дека е против цензура, затоа што тоа би значело дека Советот признава дека постоела цензура.

Членот на Советот, Замир Мехмети, рече дека доколку ТВ Алфа го прифатила соопштението до јавноста од СРД да се информира избалансирано и да се промовира толеранција и да не се потикнува омраза и нетрпеливост, тогаш ја подржува нејзината одлука. Но од друга страна, рече дека сеуште постојат медиуми кои продолжуваат да информираат неизбалансирано, без сигурни извори да објавуваат секакви информации. Со самиот факт дека емисијата не е објавена, според него има делови на цензура, но од друга страна не се согласува со тоа како Васко Ефтов ја води емисијата и во која насока ја води. Во емисиите каде како автор се јавува Васко Ефтов, огромен процент во емисијата како говорник е самиот Ефтов, додека минимален процент како соговорници се гостите. Сепак смета дека емисијата требала да биде емитувана.

Членот на Советот, Столе Наумов, рече дека се прави преседан затоа што се разговара за емисија која не била пуштена во етер. Предложи, единствено Советот што може да одговори е дека е против цензура и дека не се меша во уредувачката политика на медиумот.

Членот на Советот, Методија Стоименоски, рече дека доколку се погледне и прочита меѓусебниот договор склучен помеѓу Васко Ефтов и ТВ Алфа, ќе се согледа дека ТВ Алфа има легитимно право да не ја пушти емисијата во програма доколку е во спротивност со програмските стандарди и од таа причина рече дека е непотребно да се зборува за цензура кога во овој случај е правно издржано.

Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи рече дека непуштањето на емисијата е во функција на меѓусебниот договор помеѓу Ефтов и ТВ Алфа. Негов став е дека сега најмалку е потребно да се пуштаат емисии какви што се емисиите на Ефтов, содржини со непрофесионални, песимистички и злонамерни идеи.

Советот го разгледа дописот од ТВ Алфа (наш бр. 03-1085/1 од 16.03.2012 година), во кој го информира Советот за нивната одлука и причините поради кои не ја емитувале емисијата „Во Центар" на Продукцијата „Ефтов" на 12.03.2012 година.

Советот оцени дека однесувањето на ТВ Алфа во однос на неемитувањето на емисијата „Во Центар" на Продукција „Ефтов" е предмет на меѓусебен договор помеѓу наведените субјекти, односно радиодифузерот и продуцентот.

**ЗАПИСНИК**
**од првото продолжение на 5-та седница на Советот**
**одржано на 21.03.2012 година**

**Присутни членови на Советот:** м-р Зоран Стефаноски, м-р Милаим Фетаи, проф. д-р Томе Груевски, акад. Али Алиу, акад. Бојан Шоптрајанов, Бранко Радовановиќ, Столе Наумов, м-р Борис Арсов, м-р Зоран Трајчевски, Селвер Ајдини, Лазо Петрушевски, Замир Мехмети, м-р Методија Јанчески и Методи Стоименовски.

**Отсутни членови на Совет:** м-р Алма Машовиќ (оправдано отсутна).

**Присутни од Стручна служба:** м-р Андриана Скерлев – Чакар, м-р Борче Маневски, Огнен Неделковски, м-р Емилија Јаневска, Слободан Беличански, Горан Радуновиќ, Цветанка Митревска, Арбен Саити, Хари Митриќески-Клекачкоски, Милаим Абдураими, м-р Драгица Љубевска, Симона Темелкова и Ружица Бошнакоска - Јотевска.

**Новинари:** Иван Нишотовски од 24 Вести, Марија Сервиева од Капитал, Соња Казиовска од Дневник, Невзат Мамути од ТВ Алсат, Предраг Петровиќ од Фокус, Катерина Топалова од ТВ Алфа, Тања Јовановска од Вест, Зерјета Јајага од МТВ.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски го отвори првото продолжение на 5-та седница на Советот. На почетокот го најави следниот:

**Дневен ред**

1. Информација за работењето на трговските радиодифузни друштва на кои им е доделена дозвола за вршење радиодифузна дејност за емитување на телевизиски програмски сервиси преку сателит.
2. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – ТВ Џангл емитуван на 1 февруари 2012 година.

3. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис ТРД ТВ А2 емитуван на 1 февруари 2012 година.
4. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис ТРД Наша ТВ емитуван на 1 февруари 2012 година.
5. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис ТРД ТВ АБ Канал емитуван на 1 февруари 2012 година.
6. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – ТВ Алфа емитуван на 1 февруари 2012 година.
7. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис ТРД - ТВ Сител 3 емитуван на 1 февруари 2012 година.
8. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис ТРД ТВ Пинк 15 – емитуван на 1 февруари 2012 година.
9. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – ТВ 24 Вести емитуван на 1 февруари 2012 година.
10. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис ТРД - ТВ Перспектива (СкајНет Плус) емитуван на 1 февруари 2012 година
11. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – ТВ Сонце емитуван на 1 февруари 2012 година.
12. Извештај од анализата на емисијата „Патот кон…“ емитувана на ТВ Алсат-М.
13. Извештајот од анализата на Дневник 1 на Телевизија Сител од 10 март 2012 година.

**Точка 1**

Советот ја разгледа Информацијата за работењето на трговските радиодифузни друштва на кои им е доделена дозвола за вршење радиодифузна дејност за емитување на телевизиски програмски сервиси преку сателит. Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, рече дека оваа информација е направена од службите во Советот, за да се увиди состојбата со трговските радиодифузни друштва кои емитуваат програма на национално ниво по пат на сателит. Оваа проверка е направена од два аспекти, прво дали ги користат сателитите согласно дозволата и дали навремено го плаќаат надоместокот за дозволата за вршење радиодифузна дејност. Членот на Советот, м-р Борис Арсов, информира дека постапувајќи по Заклучокот бр. 02-4601/17 од 29.12.2011 од 21 (Јавна седница) одржана на 27.12.2011 година, преставниците на Секторот за технологии и информатика, Арбен Саити и Арѓенд Џелили, предводени од координаторот на Секторот м-р Борис Арсов, на 21.02.2012 година, извршиле посета и увид на трговските радиодифузни друштва на кои им е доделена дозвола за вршење радиодифузна дејност за емитување на телевизиски програмски сервиси преку сателит. Од сите посетени радиодифузери единствено „НАША ТВ” ДОО – Скопје, ги исполнувала сите потребни услови од дозволата, додека останатите, во одредени делови не ги исполнувале. Тој истакна дека Советот, досега неколкупати упатувал опомени и укажувања до радиодифузерите за да почнат да ја исполнуваат обврската и условите согласно доделената дозвола, па дури и Службите телефонски контактирале со нив за овој проблем. Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, рече дека подготвениот извештај е комплетен со сите потребни информации. Во таа насока, рече дека поради незаконско однесување на наведените радиодифузери (евидентно од предложената информација), потребно е Советот да преземе соодветни мерки, посебно затоа што на овие радиодифузери им бил даден подолг временски период да го усогласат своето работење со Законот. Заменикот на претседателот, м-п Милаим Фетаи, сепак предложи уште еден разумен рок. Членот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, рече дека треба да се спомнат и забелешките што ги

дал Државниот завод за ревизија, дека Советот има обврска за задоцнето плаќање на дозволата да пресметува камати. Но рече, кога ќе се погледне долгот на телевизиите кои емитуваат програма преку сателит, ќе се констатира значителна сума, период од две до три години на неплаќање. Тој додаде дека Советот не смее да дозволи едни трговските радиодифузни друштва редовно да плаќаат, а други да бидат таканаречено во привилегирана состојба и да се толерира нивниот долг, односно да се толерира неисполнување на законските обврски. Во таа насока предложи оние сателитски телевизии кои не ја емитуваат својата програма преку сателит, согласно член 64 да им се даде рок од 15 дена тоа да го сторат. Нагласи дека целта на Советот за радиодифузија не е да ги затвори медиумите туку да ги натера да работат согласно Законот за радиодифузната дејност. Членот на Советот, Бранко Радовановиќ, го поддржа предлогот да им се понуди уште еден разумен рок. Членот на Советот, Столе Наумов, рече дека Советот не е воопшто виновен за ваквата состојба во која се најдоа дел од медиумите. Рече дека веројатно ова е ризик кој го имале во предвид носителите на дозволите, иако се согласува дека за емитување програма преку сателит е потребен голем финансиски трошок. Тој додаде дека ги прифаќа нивните барања за да се распише конкурс, со кој ќе можат заинтересираните сателитски телевизии да добијат можност да одат преку кабел, но тоа е процедура која Советот ја започна веќе. Советот е отворен за соработка и можност за евентуално да се плати надоместокот на рати, со потпишување на посебен договор.

Потоа, Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, го стави на гласање предлогот да и се одземе дозволата по член 63 став 1 алинеа 3 на ТРД „БМ Телевизија" ДООЕЛ Скопје. Советот едногласно одлучи на ТРД БМ Телевизија ДООЕЛ Скопје, согласно член 63 став 1 алинеа 1, да и ја одземе дозволата за вршење радиодифузната дејност, затоа што наведениот радиодифузер сеуште не започнал со вршење на дејноста во рокот утврден во дозволата. Советот одлучи ТРД БМ Телевизија ДООЕЛ Скопје, во целост да ги плати доспеаните, неплатени надоместоци по основ на неплатени фактури за дозволата за вршење радиодифузна дејност.

Советот ја усвои предложената Информација за работењето на трговските радиодифузни друштва на кои им е доделена дозвола за вршење радиодифузна дејност за емитување на телевизиски програмски сервиси преку сателит.

Советот едногласно одлучи на радиодифузерите, ТРД „Џангл ТВ", ТРД „24 Вести", ТРД „ТВ Перспектива", ТРД „ТВ Пинк 15-", ТРД „ТВ АБ Канал" и ТРД „ Наша ТВ" да им укаже, најдоцна до 5-ти април 2012 година да го усогласат своето работење во согласност со Законот за радиодифузната дејност и доделената дозвола за вршење радиодифузна дејност, како и да ги исполнат обврските кои произлегуваат од истата.

Советот едногласно одлучи на радиодифузерите, ТРД „Џангл ТВ", ТРД „24 Вести" и ТРД „ТВ Перспектива", да им укаже, најдоцна до 5-ти април 2012 година, да отпочнат со емитување на телевизискиот програмски сервис преку сателит, и во целост да ги платат доспеаните, неплатени надоместоци за дозволата за вршење радиодифузна дејност.

Советот едногласно одлучи, на радиодифузерите, ТРД „ТВ Пинк 15-", ТРД „ТВ АБ Канал" и ТРД „ Наша ТВ" да им укаже, најдоцна до 5-ти април 2012 година, во целост да ги платат доспеаните, неплатени надоместоци за дозволата за вршење радиодифузна дејност.

Советот одлучи, доколку радиодифузерите: ТРД „Џангл ТВ", ТРД „24 Вести", ТРД „ТВ Перспектива", ТРД „ТВ Пинк 15-", ТРД „ТВ АБ Канал" и ТРД „ Наша ТВ", најдоцна до 5-ти април 2012 година не ги исполнат горенаведените законски обврски, односно обврските кои произлегуваат од дозволата за вршење радиодифузна дејност, Советот за радиодифузија во согласност со член 63 и член 64 од Законот за радиодифузната дејност, ќе им ја одземе дозволата за вршење радиодифузна дејност.

**Точка 2**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – ТВ Џангл емитуван на 1 февруари 2012 година. Членот на Советот, Селвер Ајдини, рече дека не е сигурен дали овој радиодифузер ја сфаќа работата сериозно, посебно што се однесува во делот за рекламирање. Неговото надминување на лимитите е огромно, и на ниво на еден реален час и на ниво на 24 часовно емитување на програма. Според досегашните изречени мерки, рече дека перманентно продолжува да го крши законот по член 93 став 3 од Законот за радиодифузната дејност (надминување на лимитите за рекламирање во текот на еден реален час). Предложи да се изрече мерката писмена опомена со барање за објавување или следна посилна мерка. Членот на Советот, Столе Наумов, предложи поради прекршување на член 74 став 2 и поради прекршување на член 83 став 1 од Законот за радиодифузната дејност, да им се изрече мерката писмена опомена со барање за објавување. За прекршување на член 93 став 3 од Законот за радиодифузната дејност (надминување на лимитите за рекламирање во текот на еден реален час), да се казнат, но и да се викнат за да им се објасни, затоа што не се работи за класични реклами, туку за реклами на кајрон. Предложи забрана за рекламирање од еден ден. За прекршување на член 97 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (неозначување и неиздвојување на рекламите од другите делови на програмата со оптички или акустички средства), да се изрече мерката писмена опомена. Членот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, се согласи со мерките кои ги предложи Наумов, но додаде дека колку што е информиран од службите, Советот нема комуникација со Џангл ТВ, така што писмата и мерките се враќаат назад во Советот. Членот на Советот, м-р Борис Арсов, рече дека за него е необјасниво однесувањето на ТРД – ТВ Џангл, посебно што кон Советот има висок долг, комуникацијата со него е невозможна, а од друга страна остварува профит преку рекламирање. Од наведените причини рече дека едукативниот состанок со нив е беспредметен. Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, рече дека надминувањето на лимитите за рекламирање во текот на еден реален час се огромни, но ако се погледне внимателно дека рекламите се по 9-10 минути а останатото се реклами на кајрон, така да веројатно мислат дека рекламите на кајрон не се пресметуваат, а оди по 18 минути еден кајрон, иако не е оправдување. Повторно го запраша Секторот за правни работи дали може да се прескокне следната мерка (писмена опомена со барање за објавување) и да се изрече забрана за рекламирање од 1 до 7 дена. Раководителот на Секторот за правни работи рече дека мора да оди следователно, односно следна мерка.

Советот едногласно одлучи на ТРД – ТВ Џангл:

- поради прекршување на член 74 став 2 од Законот за радиодифузната дејност – (непочитување на законски задолжителниот процент од 30% вокално-инструментална музика на македонски јазик), да му се изрече мерката: писмена опомена со барање за објавување.
- поради прекршување на член 83 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (програми непреведени на македонски јазик), да му се изрече мерката: писмена опомена со барање за објавување.
- поради прекршување на член 93 став 3 од Законот за радиодифузната дејност (надминување на лимитите за рекламирање во текот на еден реален час), да му се изрече мерката: писмена опомена со барање за објавување.
- поради прекршување на член 97 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (неозначување и неиздвојување на рекламите од другите делови на програмата со

оптички или акустички средства), да му се изрече мерката: писмена опомена со барање за објавување.

На ТРД – ТВ Џангл, му се наложува во рок од 7 (седум) дена, од денот на приемот на Одлуката, да ги отстрани сторените повреди со непочитувањето на Законот за радиодифузната дејност (“Службен весник на РМ”, бр.100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 06/2010, 145/2010, 97/2011) и прописите донесени врз основа на истиот закон. Советот го задолжи ТРД – ТВ Џангл, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на Одлуката, да ја изврши изречената мерка и во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на оваа Одлука, писмено да го извести Советот за радиодифузија на РМ за денот кога ќе ја спроведе/изврши истата. Советот го задолжи ТРД – ТВ Џангл, изречената мерка писмена опомена со барање за објавување да ја изврши на начин што на телоп на целиот екран, да се испишат податоци за: органот кој ја изрекол мерката, називот на изречената мерка, датумот и часот на сторувањето на прекршокот поради кој е изречена мерката, описот на прекршокот и бројот на членот од Законот кој е прекршен. Објавувањето да се изврши во периодот од 17:00 до 20:00 часот. На објавената писмена опомена со барање за објавување, не е дозволено да се емитува коментар. Советот го задолжи Секторот за програмски работи да го следи извршувањето на изречените мерки: писмена опомена со барање за објавување од точката 2 на овој Заклучок од страна на радиодифузерот ТРД – ТВ Џангл и да го извести Секторот за правни работи за да ги евидентира во соодветната база на податоци која ја води. Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за програмски работи да ги евидентира изречените мерки писмена опомена со барање за објавување во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

**Точка 3**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис ТРД ТВ А2 емитуван на 1 февруари 2012 година. Членот на Советот, Столе Наумов, во однос на извештајот од мониторингот на ТВ А2 и констатираните прекршувања, рече дека Советот нема право да изрекува мерки затоа што против овој радиодифузер, од страна на Основниот Суд Скопје 2 Скопје, со Решение III.Ст.бр.556/11 од 24.08.2011 година, е поведена претходна постапка за испитување на условите за отварање стечајна постапка над истиот. Во однос на форматот, рече дека не се придржуваат до форматот согласно дозволата затоа што имаат реален проблем, рочиштето се уште не е закажано, не се во можност да ги исплаќаат вработените, односно во моментот А2 Телевизија нема капацитет за работа. Членот на Советот, Бранко Радовановиќ, се согласи дека постои голема можност дека А2 Телевизија при емитување на програмата, не го почитува форматот. Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, рече дека состојбата во која се наоѓа А2 ТВ преставува многу специфичен случај, од причина што не се во состојба да купуваат програма, немаат услови да вработуваат, да исплатат плати на вработените, и сл., нема стечајна постапка, односно се наоѓаат во период на предстечајна постапка. Предложи Советот да побара да се забрза целата постапка за да Советот ја има во предвид состојбата со ТВ А2. Членот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, рече дека со оглед на тоа што е извршен мониторинг од страна на Секторот за програмски работи, предложи Советот да испрати допис до ТВ А2, без да изрекува мерки за констатираните прекршувања, со кој ќе се известат дека врз база на спроведениот мониторинг, не ги исполнуваат програмските услови согласно дозволата. Не се согласи Советот да навлегува во судската постапка барајќи да се забрза процедурата за ТВ А2. Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи,

рече дека сепак треба Советот да упати едно укажување затоа што не ги исполнуваат програмските услови утврдени во дозволата.

Потоа, Советот едногласно го усвои предложениот Извештај од мониторингот на програмскиот сервис ТРД ТВ А2, емитуван на 1 февруари 2012 година. Советот едногласно одлучи, со оглед на тоа дека од отворањето на предстечајната постапка па наваму, ТРД ТВ А2 не се придржува кон програмските услови утврдени во дозволата за вршење радиодифузна дејност, да испрати допис до ТРД ТВ А2 и стечајниот управник на наведениот радиодифузер, во кое ќе се побара: да бидат објаснети причините за ваквата состојба и во таа насока да го известат Советот за фактичката состојба на субјектот односно во која фаза е предстечајната постапка спрема овој радиодифузер и во најкраток можен рок да го усогласат своето работење со Законот за радиодифузната дејност и подзаконските акти.

**Точка 4**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис ТРД Наша ТВ емитуван на 1 февруари 2012 година. Членот на Советот, Столе Наумов, предложи за констатираните прекршоци на Наша ТВ, Советот да упати укажаувања.
Советот едногласно одлучи на ТРД – Наша ТВ:
- поради прекршување на член 93 став 3 од Законот за радиодифузната дејност (надминување на лимитите за рекламирање во текот на еден реален час), да му испрати укажување.
- поради прекршување на член 98 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (емитување прикриено рекламирање), да му испрати укажување.

Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за програмски работи, да ги евидентира укажувањата во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

**Точка 5**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис ТРД ТВ АБ Канал емитуван на 1 февруари 2012 година. Членот на Советот, м-р Борис Арсов, рече дека согласно предложениот извештај има констатирани прекршувања, но досега по нив Советот нема изречено мерки и во таа насока предложи да се упатат укажувања. М-р Борис Арсов, посочи една забелешка во констатираното прикриено рекламирање кое се однесува за Европскиот Универзитет во Скопје, каде јасно е претставувено логото – натписот, кое е снимено од различни позиции. Во однос на него, рече дека тоа не преставува прикриено рекламирање, туку е од едукативна природа, затоа што Европскиот Универзитет во Скопје е образовно-научна институција

Советот едногласно одлучи (за време на гласањето м-р Милаим фетаи беше отсутен), на ТРД – ТВ АБ Канал:
- поради прекршување на член 83 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (програми непреведени на македонски јазик), да му испрати укажување.
- поради прекршување на член 98 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (емитување прикриено рекламирање), да му испрати укажување.

Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за програмски работи да ги евидентира укажувањата во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

**Точка 6**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – ТВ Алфа емитуван на 1 февруари 2012 година. Членот на Советот, Столе Наумов, предложи за констаираните прекршувања да се упати укажување. Членот на Советот,

м-р Зоран Трајчевски, рече дека сака да остане доследен во поглед на прикриеното рекламирање како и кај другите медиуми, и од таа причина предложи кај ТВ Алфа да не се преземат никакви мерки и во иднина да се применува полиберално и пошироко толкување на овој член во однос на прекршувањето.

Советот едногласно одлучи на ТРД – ТВ Алфа:

- поради прекршување на член 75 став 3 од Законот за радиодифузната дејност (телевоутинг и телефонска услуга со посебна тарифа не можат да се користат во информативна емисија), да му испрати укажување.
- поради прекршување на член 93 став 3 од Законот за радиодифузната дејност (надминување на лимитите за рекламирање во текот на еден реален час), да му испрати укажување.
- поради прекршување на член 98 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (прикриено рекламирање), да му испрати укажување.
- поради прекршување на член 99 став 1 алинеја 4 од Законот за радиодифузната дејност (непочитување на периодот од 20 минути меѓу два рекламни блока во програмите), да му испрати укажување.

Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за програмски работи да ги евидентира укажувањата во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

**Точка 7**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис ТРД - ТВ Сител 3 емитуван на 1 февруари 2012 година.

Советот едногласно одлучи на ТРД – ТВ Сител 3:

- поради прекршување на член 74 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (обврска за емитување најмалку 30% програма изворно создадена на македонски јазик), да му се изрече мерката: писмена опомена со барање за објавување.
- поради прекршување на член 94 став 4 од Законот за радиодифузната дејност (во реалниот час кога се емитува телешопинг прозорец не е дозволено емитување на рекламни спотови, телешопинг спотови, како и други форми на рекламирање), да му се упати укажување.

На ТРД – ТВ Сител 3, му се наложи во рок од 7 (седум) дена, од денот на приемот на Одлуката, да ги отстрани сторените повреди со непочитувањето на Законот за радиодифузната дејност (“Службен весник на РМ”, бр.100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 06/2010, 145/2010, 97/2011) и прописите донесени врз основа на истиот закон. Советот го задолжи ТРД – ТВ Сител 3, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на Одлуката, да ја изврши изречената мерка и во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на оваа Одлука, писмено да го извести Советот за радиодифузија на РМ за денот кога ќе ја спроведе/изврши истата,

Советот го задолжи ТРД – ТВ Сител 3, изречената мерка писмена опомена со барање за објавување да ја изврши на начин што на телоп на целиот екран, да се испишат податоци за: органот кој ја изрекол мерката, називот на изречената мерка, датумот и часот на сторувањето на прекршокот поради кој е изречена мерката, описот на прекршокот и бројот на членот од Законот кој е прекршен. Објавувањето да се изврши во периодот од 17:00 до 20:00 часот. На објавената писмена опомена со барање за објавување, не е дозволено да се емитува коментар.

Советот го задолжи Секторот за програмски работи да го следи извршувањето на изречената мерка: писмена опомена со барање за објавување од точката 2 на овој Заклучок од страна на радиодифузерот ТРД – ТВ Сител 3 и да го извести Секторот за

правни работи за да го евидентира во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за програмски работи да ги евидентира укажувањето и изречената мерка писмена опомена со барање за објавување во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

**Точка 8**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис ТРД ТВ Пинк 15 – емитуван на 1 февруари 2012 година. Членот на Советот, м-р Борис Арсов, предложи поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 12 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (емитуваната играна програма е означена со сигнализација за заштита на малолетната публика пред почетокот, но не и за нејзиното времетраење), да му се изрече мерката: писмена опомена со барање за објавување. Поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (несоодветен термин на емитување програма), да се испрати укажување. Поради прекршување на член 74 став 2 од Законот за радиодифузната дејност (обврска најмалку 30% од емитуваната вокално-инструментална музика да биде на македонски јазик), да му се изрече мерката: писмена опомена со барање за објавување, а поради прекршување на член 74 став 2 од Законот за радиодифузната дејност (обврска најмалку 30% од емитуваната вокално-инструментална музика да биде на македонски јазик), да му се изрече мерката: писмена опомена со барање за објавување.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, предложи поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 12 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (емитуваната играна програма е означена со сигнализација за заштита на малолетната публика пред почетокот, но не и за нејзиното времетраење), да му се изрече мерката: писмена опомена, поради тоа што на почетокот програмата е означена со сигнализација но за времетраењето е направен пропуст, така да според него веројатно се работи за незнаење, односно не разбрале дека треба играната програма да биде означена за целото времетраење.

Советот едногласно одлучи на ТРД – ТВ Пинк 15-:

- поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 12 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (емитуваната играна програма е означена со сигнализација за заштита на малолетната публика пред почетокот, но не и за нејзиното времетраење), да му се изрече мерката: писмена опомена.
- поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (несоодветен термин на емитување програма), да се испрати укажување.
- поради прекршување на член 74 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (емитување помалку од 30% програма изворно создадена на македонски јазик), да му се изрече мерката: писмена опомена со барање за објавување.

- поради прекршување на член 74 став 2 од Законот за радиодифузната дејност (обврска најмалку 30% од емитуваната вокално- инструментална музика да биде на македонски јазик), да му се изрече мерката: писмена опомена со барање за објавување.

На ТРД – ТВ Пинк 15-, му се наложи во рок од 7 (седум) дена, од денот на приемот на Одлуката, да ги отстрани сторените повреди со непочитувањето на Законот за радиодифузната дејност ("Службен весник на РМ", бр.100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 06/2010, 145/2010, 97/2011) и прописите донесени врз основа на истиот закон.

Советот го задолжи ТРД – ТВ Пинк 15-, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на Одлуката, да ја изврши изречената мерка и во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на оваа Одлука, писмено да го извести Советот за радиодифузија на РМ за денот кога ќе ја спроведе/изврши истата.

Советот го задолжи ТРД – ТВ Пинк 15-, изречената мерка писмена опомена со барање за објавување да ја изврши на начин што на телоп на целиот екран, да се испишат податоци за: органот кој ја изрекол мерката, називот на изречената мерка, датумот и часот на сторувањето на прекршокот поради кој е изречена мерката, описот на прекршокот и бројот на членот од Законот кој е прекршен. Објавувањето да се изврши во периодот од 17:00 до 20:00 часот. На објавената писмена опомена со барање за објавување, не е дозволено да се емитува коментар.

Советот го задолжи Секторот за програмски работи да го следи извршувањето на изречените мерки: писмена опомена со барање за објавување од точката 2 на овој Заклучок од страна на радиодифузерот ТРД – ТВ Пинк 15- и да го извести Секторот за правни работи за да ги евидентира во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи. Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за програмски работи да ги евидентира укажувањата и изречените мерки писмена опомена со барање за објавување во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

**Точка 9**

Советот го разгледа и едногласно го усвои Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – ТВ 24 Вести емитуван на 1 февруари 2012 година. При мониторингот на програмскиот сервис ТРД – ТВ 24 Вести емитуван на 1 февруари 2012 година, не се констатирани прекршувања на одредбите од Законот за радиодифузната дејност.

**Точка 10**

Советот го разгледа Извештај од мониторингот на програмскиот сервис ТРД - ТВ Перспектива (СкајНет Плус) емитуван на 1 февруари 2012 година

Советот едногласно одлучи на ТРД – ТВ Перспектива (СкајНет Плус):

- поради прекршување на член 93 став 3 од Законот за радиодифузната дејност (надминување на лимитот за рекламирање на еден реален час), да му испрати укажување.
- поради прекршување на член 94 став 4 од Законот за радиодифузната дејност (во реалниот час кога се емитува телешопинг прозорец не е дозволено емитување на рекламни спотови, телешопинг спотови, како и други форми на рекламирање), да му испрати укажување.

Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за програмски работи да ги евидентира укажувањата во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

**Точка 11**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – ТВ Сонце емитуван на 1 февруари 2012 година.

Советот едногласно одлучи на ТРД – ТВ Сонце:

- поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 12 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (непочитување на правилата за заштита на малолетните лица, односно неозначување на програмите пред почетокот со акустично и визуелно предупредување и неемитување постојано визуелно предупредување во текот на програмата), да му испрати укажување.
- поради прекршување на член 96 став 2 од Законот за радиодифузната дејност (бесплатните реклами не се посебно означени), да му испрати укажување.

Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за програмски работи да ги евидентира укажувањата во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

**Точка 12**

Советот го разгледа Извештајот од анализата на емисијата „Патот кон…“ емитувана на ТВ Алсат-М. Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, објасни дека Исламската верска заедница на Република Македонија (ИВЗ) се обратила до Советот за радиодифузија со допис во кој реагирала дека во изданието на емисијата „Патот кон…“, емитувано во живо на 1 март 2012 година на Алсат-М Телевизија, гостинот Муамер Весели на неколку наврати употребил валкани и омаловажувачки зборови за Реисул Улема на ИВЗ на РМ Сулејман еф. Реџепи, Муфтиството на ИВЗ Скопје како и вработените на ИВЗ на РМ“, а водителот Мухамед Зеќири во ниту еден наврат не се дистанцирал од овие навреди, напротив, истиот го поттикнувал уште повеќе. Според м-р Зоран Стефаноски, Советот за радиодифузија во однос на ова прашање, согласно Законот неможе да реагира и во овој случај тоа преставува спор помеѓу двата споменати субјекти. Членот на Советот, Селвер Ајдини, рече дека Советот, во ваков случај, ниту може да го предупреди ниту може да го казни радиодифузерот затоа што тоа преставува работа на уредувачката политика на медиумот. Одност помеѓу ТВ Алсат-М и гостинот Муамер Весели треба сами да си го уредат. Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, рече дека поради дописот од ИВЗ, Секторот за програмски работи, сериозно пристапил кон анализа на емисијата „Патот кон…“ емитувана на ТВ Алсат-М, и се согласува со мислењето од Извештајот од анализата на емисијата. Негов став е дека новинарот се придржувал до програмските стандарди, но гостинот е тој кој недолично реагирал со искажаните зборови.

Членот на Советот, Бранко Радовановиќ, рече дека материјалот детално го разгледал и според него нема повреда на верските чувства. Членот на Советот, Столе Наумов, рече дека му пречи за секој пристигнат допис Советот да реагира и расправа на седници. Запраша, дали за секоја критика кој некој ќе ја претрпе или пак навреда, Советот треба да реагира. Според него, според дописот и Извештајот од анализата на емисијата „Патот кон...“ нема ништо спорно. Тоа преставува уредувачка политика на медиумот, а сепак и други гости биле поканети во емисијата, ама не дошле.

Членот на Советот, Замир Мехмети, рече дека според Извештајот од анализата на емисијата „Патот кон…“ емитувана на ТВ Алсат-М, не може да се заклучи дека новинарот ги прекршил професионалните стандари, и го подржува мислењето на Столе Наумов, дека во иднина Советот не треба да расправа за секој пристигнат допис, жалба или ракција. ИВЗ и Алсат треба сами да си ги решат меѓусебните недоразбирања.

Потоа, Советот едногласно го усвои предложениот Извештај од од анализата на емисијата „Патот кон...“, емитувана на 1 март 2012 година на Алсат – М Телевизија, подготвен од Секторот за програмски работи.

**Точка 13**

Советот го разгледа Извештајот од анализата на Дневник 1 на Телевизија Сител од 10 март 2012 година. Членот на Советот, Столе Наумов, на почетокот, пред да започне дискусијата по оваа точка, побара кратка пауза за да прочита информација од дневен печат токму за оваа точка, на што Советот се согласи. По кратката пауза, Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, објасни дека по барање на Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, Секторот за програмски работи извршил анализа на Дневник 1 на Телевизија Сител од 10 март 2012 година, чиј уредник и водител бил Драган Павловиќ – Латас. Анализата била направена од аспект на известувањето, за кое се смета дека има етничка позадина. М-р Зоран Стефаноски смета дека кога Советот до сите медиуми упатува препорака да внимаваат при креирање на мислење, посебно во информативните програми, во вестите, непотребно е да се разгорува национална и друг вид на омраза. Драган Павловиќ – Латас, во вестите на Дневник 1 од 10 март 2012 година, политиките на Албанците ги нарекува радикални. Тој рече дека смета дека Латас води многу опасна игра, посебно што Латас е уредник и водител на најгледаната телевизија во РМ, според рејтингот на AGB Nielsen. Опомена упати до членовите на Совет, во дискусиите да се задржат за конкретната содржина на емисијата од аспект на член 68 или 69 од Законот и да не се дискутира и поврзува со состојбите во државата. Според него, препораките на Советот до медиумите со оваа емитувана содржина не се испочитувани, односно направено е спротивното на тие препораки. Исто така појасни, дека Секторот за програмски и Секторот за правни работи при изработката на Анализата, легислативната рамка по која се воделе е: Член 16 од Уставот на Република Македонија (се гарантира слобода на јавно изразување); Европската Конвенција за заштита на човековите права и основни слободи, Законот за радиодифузната дејност и Препораката Р 97(20) на Комитетот на министри на Советот на Европа до земјите. Како што е констатирано во Извештајот од анализата на Член 68 од Законот за радиодифузната дејност, не се предвидува никаква санкција, но Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, рече дека е направен прекршок по член 69, што не е наведено во заклучокот од Анализата, и по тој основ предложи мерка времена забрана за емитување на програмски сервис за период од најмногу три 3 месеци. За Предлогот на м-р Милаим Фетаи, Секторот за програмски работи при анализа на Дневник 1 од ТВ Сител не видел доволно елементи за повреда на член 69.

Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, рече дека потикнат од тоа што го слушнал и видел во Дневникот 1 на ТВ Сител, од 10 март 2012 година, се одлучил да даде иницијатива да се изврши мониторинг и анализа на дневникот од аспект на известувањето за кои смета дека има етничка позадина. Според него, во првите 11 минути од Дневникот, било искажано тенденциозно, нереално, непрофесионално известување. За да го поткрепи неговиот став, прочита дел од подготвениот Извештај на анализата на дневникот:

*Негативниот стереотип за Албанците како „агресивни, радикални насилници“ особено може да се види од тврдењата:*

*- „насилните напади на младите Албанци, над 90 проценти случаи, врз Македонците, како во Скопје, така во Тетово, така и во некои други населени места“;*

*- „во серија имаме палење македонски знамиња на јавни места, што во Македонија, што во Косово“;*

*- „во серија имаме напади врз Македонци, било да е во автобус, било да е пред автобус, во кој учествуваат најчесто млади Албанци“;*

*- „радикалните политики на ДПА, Мендух Тачи, а секако во последно време и Руфи Османи, кој го надминува во одредени моменти“;*

*- „албанскиот радикализам во регионот“;*

*- „Која ќе биде цената на наредните можни екстремни планови на радикалните албански партии, не говориме, сите ќе видиме? Прв кој ќе го плати тоа ќе биде Косово, но и Македонија секако треба да биде загрижена.“;*

*- „албанските политичари... создадоа генерации на кои им покажуваа дека сѐ може на сила и дека може неказнето“;*

Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, рече дека има сознанија, дека исто така и многу Албанци настрадале во физичките пресметки во автобусите и ја осудува оваа појава. Потенцира дека ова известување не било во полза да се надмине ваквата состојба, посебно кога емитуваната содржина добива национален меѓуетнички контекст, посебно што од ова произлегува стереотипот дека Албанците се тие кои се виновни за ваквото насилие. Смета дека има доволно аргументи дека со ова е прекршен член 69 од Законот, каде се вели дека разгорување на верска, национална и расна омраза, потпаѓа под санкции на член 38 алинеа 4 каде што се предвидува времена забрана за емитување на програмата најмногу до 3 месеци. Како пример го наведе известувањето: *„8 Албанци претепале 2-ца Македонци и еден полицаец“,* но, рече, дека тој полицаец бил Албанец, а тој факт не се истакнува никаде. Не сака, рече, целата телевизија да биде заложник на еден човек и Советот многу ќе згреши ако не упати барем укажување. Рече дека кога го слушнал Дневникот 1, бил многу емоционално повреден, и според тоа, со наведените елементи во Извештајот, апсолутно заслужува да биде третиран по член 69, кој предвидува казнена мерка времена забрана за емитување на програмата најмногу до 3 месеци, но со оглед на расположението кое го приметил кај членовите на Совет, предложи дека не мора да биде 3 месеци, но се согласува да биде 2 месеца или 1 месец, но е против да остане незапазено, како ништо да не рекол, и тоа не е во ред и не оди во прилог никому. М-р Милаим Фетаи не ја исклучува можноста да се направи мониторинг и на други телевизии но сега е концентриран на овој извештај. Се согласува дека содржината на коментарите на интернет страницата на Алсат ТВ не се во ред, па дури и тоа што го пишува против него. Кога ја дал иницијативата за мониторинг, Раководителот на Секторот за програмски работи, професионално и принципиелно, кажала дека треба да се мониторираат емисиите и на другите телевизии, но поради итност и недостаток на време и рекол прво оваа да се изработи, а потоа и другите. Иако материјалот е квалитетно изработен, не го прифаќа, затоа што е направен за повреда на член 68 од Законот, затоа што смета дека е повреден член 69 од Законот. Се согласи постојниот извештај да се надогради со тоа што ќе се вгради и повреда на член 69. Во таа насока, предложи и тајно гласање, доколку се согласат членовите на Совет. Членот на Советот, Замир Мехмети, рече дека не е првпат овој уредник, Драган Павловиќ – Латас, за кој рече дека не може да го нарече новинар, бидејќи според неговите лични сфаќања не е новинар, години наназад повикува на линч против некои луѓе, се обидува да поттикне верска и национална омраза и во таа насока не сака да се навраќа наназад

дали нешто е преземено од страна на Советот. Тој рече дека сите знаеме пред каква деликатна ситуација се наоѓа Советот, пред се затоа што Република Македонија е мултиетничка држава и не треба да се дозволи некој поединец тоа да го злоупотребува или да шири верска или национална нетолеранција. Смета дека доколку Советот не превземе нешто, Драган Павловиќ – Латас, ќе продолжи со ваквиот начин на известување. Лично смета дека вестите на Телевизија Сител во голема мера се професионални, но кога станува збор за Латас смета дека се крајно непрофесионални, затоа што Дневникот го сфаќа како негова приватна емисија каде коментира и кажува што ќе посака и пред се затоа што од никој не е казнет за таа постапка. Според ова рече, дека може да се протолкува дека Латас повикува на војна. Во врска со мислењето кое го искажа членот на Советот, м-р Борис Арсов, рече дека е испровоциран и рече дека или не го гледал Дневникот на ТВ Сител или пак сака присутните да ги доведе во заблуда. Рече, дека според она што го изнел како мислење, смета дека членот на Советот, м-р Борис Арсов, се согласува со ставовите изнесени од Латас. Не се согласува со некои изнесени ставови во дискусијата помеѓу членовите на Совет, дека не се знае доколку се изрече мерка, дали Советот со тоа ќе придонесе за смирување на страстите или не. Тогаш рече дека сака да постави друго прашање – што ако Советот воопшто не реагира, а некој поттикнува говор на омраза постојано, дали ова ќе придонесе за смирување на страстите? Ставот на членот на Советот, Замир Мехмети, е дека во Дневникот постојат елементи на говор на омраза, а работата на Советот е да се разговара на оваа тема и да го санкционира ваквиот начин на известување. Доколку тоа Советот не го стори, тогаш зазема страна и поттикнува и во иднина да продолжи ваков начин на известување. Во врска со известувањето на Драган Павловиќ – Латас, во Дневник 1 од ТВ Сител од 10 март 2012 година, како мерка предложи Советот да изрече времена забрана за емитување на програмскиот сервис за период од 2 месеци. Нагласи дека доаѓа од сферата на новинарството и кога ќе оцени дека има говор на омраза на било кој медиум, секогаш ќе го осуди. Членот на Советот, Замир Мехмети, се обрати до членовите на Советот и запраша дали е потешко да се изрече мерка времена забрана за емитување на програма за одреден период на еден медиум или пак со вакво известување да се придонесе да има голем број жртви како што било во Сараево, односно според извештаите се вели дека војната во Босна и Херцеговина е поттикната токму од говорот на омраза.

Членот на Советот, Селвер Ајдини, рече дека со овој начин на изразување и известување, на новинар како што е Латас, Албанците се навредени. Но имајќи во предвид од кого доаѓаат овие навреди, Албанците не треба да се загрижени. Во овие осетливи времиња треба рационално и умерено Советот да ги реши. Членот на Советот, м-р Борис Арсов, рече дека го гледал Дневникот на ТВ Сител чиј уредник е Драган Павловиќ - Латас, но смета дека во Извештајот од Секторот за програмски работи сето тоа е малку тенденциозно напишано и прикажано, и сето тоа го гледа од еден друг аспект. Имајќи го предвид фактот дека го следел Дневник 1 на ТВ Сител од 10 март 2012 година, извадил неколку пасоси: пример, дека се повикува против насилство и против партиски мотивации со млади луѓе и се повикува дека полицијата треба да апси, судот да суди, секого без оглед на етничка припадност, - што значи дека нема ништо насочено кон Албанците. До тој момент, за содржината на Дневникот 1 не забележал дека постојат реакции од некои други медиуми или пак од ЗНМ, што значи дека во јавноста не постои впечаток дека постои нанесена штета кон некого, иако можеби некој не се согласува со него. Исто така смета дека во анализата има реченици кои се извадени од контекст, на пример не се вели дека Албанците напаѓаат, туку дека во убедливо мнозински број се работи за млади Албанци според полициските извештаи и темелно врз службени извори и факти, потоа Мендух Тачи кој е лидер на друга политичка опција, неколку дена потоа, изјавил на други албански телевизии и ја

потврдува изјавата дека меѓу албанските партии, ДПА и нивните јавно презентирани ставови лежи мотивацијата за насилствата, кое не е споменато во извештајот. Наброи и други примери и рече дека поради сето она што го презентирал, не треба да се даваат такви драстични мерки како што предложил м-р Милаим Фетаи. Треба да се има во предвид, рече, дека се работи за национална телевизија и ако и се забрани да работи, тоа заначи дека Советот ќе и стави катанец на телевизијата, односно да ќе затвори уште еден медиум. Тој предложи да се упати укажување, односно соопштение до медиумите да ги смират страстите, да не споменуваат осетливи теми затоа што има различни размислувања, гледања и коментари. Потсети дека на дневен ред е Дневникот 1 на ТВ Сител, а не личноста Драган Павловиќ - Латас, и членовите на Совет да се придржуваат до дневниот ред. Децидно е против да се забрани работа на медиум, па макар и еден ден. Членот на Советот, акад. Али Алиу, рече дека според излагањето на м-р Борис Арсов, заклучил дека можеби Советот треба и да го пофали Латас за неговата работа. Смета дека Латас во континуитет директно повикува на конфликт и посакува тоа да се случи, истото тоа го согледал и во колумните што ги пишува во весниците како на пример – Македонците тепани, Македонците осудени. Ако во континуитет се навредува еден народ, тој народ ќе стане и ќе рече доста е веќе. Со оглед на тоа што се зборува за говор на омраза која поттикнува конфликт и затоа што тоа е есенцијата на таа емисија. Предлага на ТВ Сител да му се изрече мерката времена забрана за емитување од 1 до 5 дена. Членот на Советот, Столе Наумов, бидејќи етнички не припаѓа на двете мнозински групи, рече дека може порелаксирано да гледа на тие работи, наоѓајќи се во средина меѓеу двете групи. Храброста за дискусија по однос на оваа точка ја има и да не бил прозван да го каже своето мислење. Мултиетничноста за него е светост. Употребата на мултиетичноста по секоја цена не е новинарски и е опасно, посебно за држава како што е Република Македонија, каде треба да се поседува максимална сензитивност за темите поврзани за мултиетичност, кое што за жал често се користи кога политичарите (не сите) ќе немаат аргументи, односно се употребува и злоупотребува. Не посакува дискусијата во Советот да се претвори во меѓуетничка расправа, пред се затоа што предмет на анализа и дебата е уредник чие што презиме завршува на –ИЌ. Зошто се зборува само за ТВ Сител, зошто не се зборува за другите телевизии каде што и таму е забележано нагласување на етнички предзнак? Ако некој нешто украл тој е крадец без разлика дали е Албанец, Македонец и др. Ако подлабоко се анализира ќе се види дека Латас не ги напаѓа толку Албанците, колку што ја брани Владата и Премиерот на РМ. Понекогаш рече дека и треба да се пушти говор на омраза, за да се разобличи одредена ситуација. Задачата на новинарот е да поставува прашања каде ќе се разобличи говорот на омраза и ќе го осуди. Членот на Советот, Столе Наумов, рече дека што поголемо внимание му се придава на Драган Павловиќ - Латас, толку поголема храна му се дава на тој човек. Рече дека е загрижен затоа што Советот дошол во ситуација да расправа за Миленко Неделковски и Драган Павловиќ - Латас, кој пак добиваат позититивни ефект и поени на друго место. Се согласува со Извештајот од анализата на Дневник 1 на Телевизија Сител од 10 март 2012 година, и рече дека треба и ќе го добијат и новинарите. За изрекување мерка, забрана за неемитување на програма до 3 месеци не се согласува. Постави прашање до службите: дали досега Советот има изречено мерка на медиум, забрана за емитување за подолг период, и кога се зборува за забрана до 3 месеци дали се мисли воопшто да не се емитува програма или се мисли забрана за рекламирање и телешопинг? Предложи, Анализата да се усвои која сама по себе преставува осуда. Замоли службите да му го достават извештајот за Миленко Неделковски Шоу на Канал 5, во смисла која мерка му е изречена и како Советот постапил по тој основ. До крајот на седницата материјалот за Канал 5 не му беше доставен и рече дека е револтиран и се откажува од секаква дискусија на оваа

тема. Членот на Советот, Бранко Радовановиќ, до моментот додека не го прочитал текстот во весникот „Вечер“, бил сигурен дека ќе се воздржи од дискусија. Нагласи дека мора да се знае дека постои поединечна и колективна одговорност, да не се дојде до конфликтни дискусии и секој се однесува онака како што ќе му се овозможи, а Советот за радиодифузија со ништо не овозможил вакво однесување. Рече дека има идеја која сака да ја упати до сите членови на Совет и која може да ги повреди присутните членови на Совет и да биде лошо протолкувана, но смета дека тие се од иста коалиција делегирани и дека треба да седнат заедно и да го расчистат проблемот, наоѓајќи заеднички збор и заедничко решение. Тој додаде дека смета дека забрана за емитување со месеци е многу голем период, посебно што во медиумот има вработено монтажери, сниматели, камермани, тонски сниматели, кои неможат да ја делат вината на медиумот или уредникот. Како предлог мерка, за ТВ Сител, предложи забрана за емитување на програма од 1 до 5 дена најмногу. Членот на Советот, Лазо Петрушевски, рече дека Советот само пред 10 дена упати една порака до јавноста и медиумите во која што ги повика на професионално и коректно известување во поглед на инцидентите кои се случуваа и што се случуваат, на почитување на професионалните стандарди, меѓусебно разбирање и почит. Во однос на оваа анализа, односно Дневникот на ТВ Сител, си го постави прашањето како да се продолжи понатаму, дали со преземање на мерки во однос на оваа емисија или не преземање мерки, ќе се предизвика смирување на ситуацијата или ќе се направат дополнителни проблеми. Во Извештајот од Анализата на Дневник 1 на ТВ Сител, Секторот за програмски работи и Секторот за правни работи наоѓаат дека постапил непрофесионално и спротивно на програмските принципи од член 68 став 2 алинеја 3. Исто така Секторот за правни работи вели дека поради повреда на член 68 не постои законска можност за поведување на прекршочна постапка. Додека дека она што м-р Милаи Фетаи го предложи, е да не се користи член 68 од Законот туку прекршок на член 69 и во таа насока предложи забрана за емитување најмногу до 3 месеци, чиј што предлог е на другата страна од Извештајот, нема да придонесе за смирување на ситуацијата и за стабилноста на државата. Предложи дијалогот на седницата и понатаму да продолжи, како што рече подобро е со часови да се дискутира, отколку млади луѓе да се тепаат со стапови. Дискусијата рече треба да продолжи не само во рамките на Советот туку и во рамките на државата. Проблемот меѓу младите го надминува Советот и сите граѓани треба да придонесат во решавање на проблемот со меѓусебен дијалог, разбирање и почит. Предложи Советот да се задржи на оценката во анализата подготвена од стручните служби. Предлогот на колегата Наумов му се допадна, односно предложи текстот да се упати до јавноста на понатамошни дискусии, а конкретна мерка до радиодифузерот предложи да му се упати укажување за почитување на професионалните стандарди.

Членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов, рече дека она што треба да се направи не зависи од должината на забраната за емитување, согласен е со она што го кажа Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, но смета дека ефектот ќе биде постигнат и со забраната за емитување од 1 ден.

Членот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, рече дека на седницата постои изработено мислење од стручните служби, но од дискусиите произлегува чудна ситуација, каде еднаш се прифаќа мислењето, а еднаш не се прифаќа. За волја на вистината, сите што се јавиле за дискусија не ја гледале емисијата и тоа го кажале јавно на координација и треба да бидат искрени. Го подржува ставот да се смират страстите и да не се допринесува да се зголемат меѓуетничките тензии и рече дека ќе дал целосна подршка да се преземат казнени мерки кон радиодифузерот ако предлагачот истовремено предложел да се направи и мониторинг и на Алсат ТВ, а посебно што коментарите на интернет страницата на Алсат ТВ биле со страшна

содржина. Работите не треба да се гледаат еднострано, рече, и да се добиваат поени, затоа што со тоа нема да се допринесе страстите да се смират. Го подржува мислењето од Секторите и во таа насока да се преземат мерки кои произлегуваат од ставот на Стручната служба.

Раководителот на Секторот за правни работи и Раководителот на Секторот за програмски работи, рекоа дека Извештајот од анализата на Дневник 1 на Телевизија Сител од 10 март 2012 година, е изработен целосно за повреда на член 68 од Законот. Исто така рекоа дека не постои можност да се надоградува и со повреда на член 69 од ЗРД. Тоа значи дека доколку Советот го усвои Извештајот од анализата на Дневник 1 на Телевизија Сител од 10 март 2012 година, не може да стане збор за повреда на член 69 и не може да се изрекуваат мерки по член 69 од Законот.

Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, предложи прво да се гласа за неговиот предлог, односно да се изречат мерки по член 69 кој гласи: *„Во програмите на радиодифузерите, како и во програмите што се реемитуваат преку јавните комуникациски мрежи не се дозволени програми што се насочени кон насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија или кон поттикнување или повикување на воена агресија или на разгорување на национална, расна, полова или верска омраза и нетрпеливост“.*

Но, Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, рече дека смета дека прво на гласање треба да се стави предлогот за да се усвои Извештајот од анализата на Дневник 1 на Телевизија Сител од 10 март 2012 година. Предлогот се стави на гласање и 9 членови на Совет беа „за“. Воздржани беа 5 членови на Совет: м-р Милаим Фетаи, акад. Али Алиу, Замир Мехмети, селвер Ајдини и акад. Бојан Шоптрајанов. Советот констатира дека е усвоен Извештајот за анализата на Дневник 1 на Телевизија Сител од 10 март 2012 година.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски го праша Раководителот на Секторот за правни работи, дали може по член 68 од ЗРД да се изрече мерката времена забрана за рекламирање и телешопинг. Бидејќи Раководителот се изјасни дека не може, Претседателот предложи да се изрече писмена опомена како прва мерка по член 68 од законот. За предлогот гласаа 7 членови на Совет, а 7 беа воздржани.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски оваа точка ја одложи за второто продолжение на 5-та седница.

## ЗАПИСНИК
### од второто продолжение на 5-та седница на Советот одржано на 27.03.2012 година

**Присутни членови на Советот:** м-р Зоран Стефаноски, м-р Милаим Фетаи, проф. д-р Томе Груевски, акад. Али Алиу, акад. Бојан Шоптрајанов, Бранко Радовановиќ, Столе Наумов, м-р Борис Арсов, м-р Зоран Трајчевски, Селвер Ајдини, Лазо Петрушевски, Замир Мехмети, м-р Методија Јанчески и Методи Стоименовски.

**Отсутни членови на Совет:** м-р Алма Машовиќ (оправдано отсутна), акад. Али Алиу (оправдано отсутен) и Замир Мехмети (оправдано отсутен).

**Присутни од Стручна служба:** м-р Андриана Скерлев – Чакар, м-р Борче Маневски, Огнен Неделковски, Слободан Беличански, Горан Радуновиќ, Цветанка Митревска, Арбен Саити, Магдалена Давидовска – Довлева, Хари Митриќески-Клекачкоски, Милаим Абдураими, м-р Драгица Љубевска, Симона Темелкова и Ружица Бошнакоска - Јотевска.

**Новинари:** Мартин Пушевски од МТВ, Михајло Видимлиски од 24 Вести, Предраг Петровиќ од Фокус, Максим Ристевски од Капитал, Соња Казиовска од

Дневник, Сања Јовановиќ од ТВ Телма, Александар Спасовски од ТВ Сител, Тања Јовановска од Вест, Наќе Батов од Вечер, Невзат Мамути од ТВ Алсат.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, го отвори второто продолжение на 5-та седница на Советот за радиодифузија.

Во предлогот за ова продолжение како точка 6, беше ставен Извештајот од анализата на Дневник 1 на Телевизија Сител од 10 март 2012 година. Членот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, предложи доколку Советот смета дека таа точка не е довршена од првото продолжение на 5-та седница, тогаш би требало да биде како точка 1. Членот на Советот, проф. д-р Томе Груевски, рече дека таа точка според него е завршена, Извештајот се усвои и не би требало да биде повторно на Дневен ред.

Претседателот на Совет, м-р Зоран Стефаноски, рече дека не е изгласана мерка односно писмена опомена и затоа смета дека треба повторно да биде на дневен ред. Нагласи дека во консултација со Стручната служба по ист ваков предмет не може да се носи друга мерка, освен писмена опомена, но потоа се увидело дека постоела можност да се изрече и друга мерка.

Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, рече дека поради сериозноста на содржината на анализата би требало оваа точка повторно да биде на дневен ред и го прифаќа предлогот на м-р Зоран Трајчевски да биде точка 1. Уште еднаш потенцира дека со своето информирање, Драган Павловиќ - Латас во Дневникот на ТВ Сител, од 10 март 2012 година, не ги почитува професионалните стандарди и Советот треба да преземе мерки како да се справи со овој проблем. Но симнувањето на точката од Дневен ред и немањето храброст Советот да се справи со овој проблем, кој според него нема никакви дилеми дека се работи за разгорување на меѓуетничките тензии, рече дека го тера да се почуствува разочарано. Се запраша дали Советот некого штити. По оваа точка, рече дека не се води од политички побуди и затоа апелираше уште еднаш да се разгледа оваа точка, сметајќи дека и јавноста го очекува ова.

Предлогот, точката Извештај од анализата на Дневник 1 на Телевизија Сител од 10 март 2012 година, да биде ставена на дневен ред се стави на гласање. Членовите на Совет, м-р Зоран Стефаноски, м-р Милаим Фетаи, акад. Бојан Шоптрајанов, Селвер Ајдини и Столе Наумов (5 члена) беа „за“, проф. д-р Томе Груевски, м-р Борис Арсов, Методи Стојменоски, Лазо Петрушевски, Методија Јанчески и м-р Зоран Трајчевски (6 члена) беа против, додека Бранко Радовановиќ беше воздржан.

По гласањето, Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи потенцира дека дека не требало да се гласа дали оваа точка ќе остане на дневен ред, затоа што таа била веќе во него и м-р Милаим Фетаи го потпишал Дневниот ред каде била вклучена и оваа точка.

По инсистирање на м-р Милаим Фетаи, предлогот на проф. д-р Томе Груевски, да не се разговара за точката на Дневен ред, Извештај од анализата на Дневник 1 на Телевизија Сител од 10 март 2012 година, затоа што смета дека е завршена на минатата седница, се стави на гласање. Против беа членовите на Совет: м-р Зоран Стефаноски, м-р Милаим Фетаи, Селвер Ајдини, Бранко Радовановиќ и Бојан Шоптрајанов.

Членот на Советот, Бранко Радовановиќ, предложи проблемот со оваа точка да го решат членовите на Советот кои се избрани од власта, инаку Советот ќе биде доведен во ситуација никогаш да не го реши овој проблем. Бидејќи м-р Зоран Стефаноски го прекина Радовановиќ и објасни дека ниеден член на Совет не е делегиран од власта, Радовановиќ го повлече предлогот.

Членот на Советот, Столе Наумов, му се обрати на Претседателот на Советот, со забелешка повеќе да не ги прекинува членовите на Советот кога ќе се јават за

дискусија, да не ја ускратува можноста да си го кажат своето мислење макар и да е најгрдо за другите членови на Совет. Рече дека секој има право да каже, доколку смета, дека одредена институција е политички обоена.

Членот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, рече дека дискусијата по оваа точка е исцрпена и сега треба да се расправа дали и која мерка ќе се изрече. Повторно нагласи дека предложил, во иднина да нема продолженија на седниците, за да не би настанало недоразбирање дали точката е завршена или не е. Односно, предложи тие да не содржат голем број точки, туку да има почесто седници, а би се намалил и бројот на точки во дневниот ред.

Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, рече дека повеќе часови Советот расправа за Извештајот од анализата на Дневник 1 на Телевизија Сител од 10 март 2012 година, и очекувал барем да се испрати укажување до ТВ Сител, но поради незадоволството од неусогласеноста на Советот, м-р Милаим Фетаи, рече дека демонстративно ја напуша седницата. Му се обрати на Претседателот на Советот и му рече дека процедурално при водење на седницата направил грешка. Освен м-р Милаим Фетаи седницата ја напушти и членот на Советот, Селвер Ајдини.

**Бр. 02-1071/30**
**07.05.2012 година**
**С к о п ј е**

**Совет за радиодифузија на РМ**
**П р е т с е д а т е л,**
**м-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ, с.р.**

**Записникот го водеше,**
**Ружица Бошнакоска Јотевска**

*Изработила: Ружица Бошнакоска Јотевска*
*Одобрил: Огнен Неделковски*